# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-61/1

Скопје 04.01.2024 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-4747/1 од 22.12.2023 година, поднесено од барателот на информација [redacted] Здружение на граѓани, Реактор – Истражување во акција, со седиште на [redacted] e-mail: [redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, [redacted] претседателка, e-mail: [redacted] на ден 03.01.2024 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-4747/1 од 22.12.2023 година, поднесено од барателот на информација [redacted] Здружение на граѓани, Реактор – Истражување во акција, со седиште на [redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, [redacted]

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер наведена во точка 1 на ова Решение и на барателот на информацијата му се прават достапни бараните податоци во Прашалникот за активностите од СРЕ 2022-2027 и НАП 2022-2024, кои се доставуваат во прилог на ова Решение и се негов составен дел (Прилог бр.1).

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација [redacted] Истражување во акција, со седиште на [redacted] Скопје, [redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, [redacted] претседателка, e-mail: [redacted] поднесено е барање за пристап до информации од јавен карактер наш [redacted] година, со кое се

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

бараат информации од јавен карактер содржани во Прашалникот за активностите од СРЕ 2022-2027 и НАП 2022-2024, потребни заради изготвување на Извештајот во сенка 2023 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022-2024, кои се наведени во точка 2 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 88 од Законот за општата управна постапка, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

________________________

Цветанка Митревска

**Прилог (1):**
-Прашалник за активностите од СРЕ 2022-2027 и НАП 2022-2024 (пополнет)

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

________________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Прилог бр. 1.

РЕАКТОР
истражување во акција

# ПРАШАЛНИК ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД СРЕ 2022 – 2027 И НАП 2022 - 2024

## ЗА ПРАШАЛНИКОТ

Овој прашалник е изработен за потребите на Реактор – Истражување во акција при изготвувањето на Извештајот во сенка 2023 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 и Националниот акциски план 2022 - 2024. Прашањата во овој прашалник се однесуваат на степенот на исполнување на активностите[1] за 2023 и на вашата оценка за потенцијалното влијание на активностите[2] од Националниот акциски план 2022 - 2024, кои се во директна надлежност, односно одговорност, на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тие се класифицирани според активностите од секоја специфична стратешка цел.

На крај од прашалникот има сумарна табела која ги содржи индикаторите на ниво на активности. Ве молиме за секој индикатор да обележите дали е исполнет или не.

1. Колку средства од буџетот на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се издвоени за имплементација на Националниот акциски план за родова еднаквост за 2022 - 2024?

   *Во 2022 година беа исплатени најмалку 1.149.621,00 денари, а во 2023 најмалку 647.450,00. Во структурата на овие трошоци влегуваат средства предвидени во посебни ставки за изработка на истражување, веб страница и сл. како и во рамките на општи ставки какви што се печатење, превод, одржување и хостирање веб страници, трошоци поврзани со организирање и реализирање настани и сл. Некои од активностите се реализирани и со внатрешни ресурси (на пример, преводи на англиски и на албански јазик направени од колеги во Агенцијата) поради што не се пресметани како посебен издаток. Дел од средствата биле предвидени во буџетот на една година, но исплатени во наредната, по финализирање на активноста (на пример, сумата предвидена во буџетот на АВМУ за 2023 година за активности поврзани со НАП-от изнесува 1.215.183,00 денари, но исплатата на 567.190,00 денари е префрлена за 2024 година што е објаснето подолу во структурата на издатоците за 2023 година).*

   *Структурата на средствата во 2022 година е следнава:*

   - *За истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните*

[1]Степенот на исполнување се оценува според четири критериуми во однос на тоа дали е активноста започната и во која фаза од процесот на имплементација се наоѓа. Тие се: „(а) не е започната" – активноста не е воопшто започната, „(б) делумно е спроведена"– активноста во помал дел е исполнета, „(в) значително е спроведена" – активноста во поголем дел е исполнета и „(г) целосно е спроведена"– активноста е имплементирана и завршена.

[2]Потенцијалното влијание може да се оцени на следниот начин: (а) нема влијание: активноста не влијае/ла на подобрување на постојната состојба со родовата еднаквост; (б) мало влијание: активноста има мало влијание на подобрување на родовата еднаквост; (в) значајно влијание: активноста придонесува за подобрување на родовата еднаквост; и (г) трансформативно влијание: активноста влијае на системски и општествени промени, влијае на промена на постојните односи на моќ и суштински влијае на унапредување на родовата еднаквост.

терестријални телевизии", кое беше објавено во почетокот на 2022 година, на Институтот РЕСИС му беа исплатени 600.000,00 денари (средствата беа префрлени од буџетот за 2021 година);

- За печатењето на публикацијата „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", беа исплатени 400.764,00 денари;
- За превод на „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", на албански јазик беа исплатени 78.057,00 денари. Преводот на англиски јазик го изработи колешка од АВМУ;
- За изработка на посебната веб страница www.rodotimediumite.mk беа исплатени 70.800,00 денари.

***

*Структурата на средствата во 2023 година е следнава:*

- На Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје му беа исплатени 511.000,00 денари за изработката на истражувањето „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите" кое беше завршено во почетокот на 2023 година (средствата беа префрлени од буџетот за 2022 година).
- За печатењето на публикацијата „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите", беа исплатени 127.050,00 денари;
- ЦИП запис за печатење на публикацијата „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите" – 600,00 денари;
- Патни трошоци за учество на четворица вработени на работилница за родово одговорно буџетирање што се одржа во Охрид во износ од 8.800,00 денари;
- Преводите на сублиматите на англиски и на албански јазик од „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите" кои беа објавени заедно со публикацијата беа изработени од колешки од АВМУ;
- За одржување на посебната веб страница www.rodotimediumite.mk во буџетот за 2023 година беа предвидени 24.190,00 денари кои ќе бидат исплатени откако компанијата ќе достави фактура;
- Во буџетот на АВМУ за 2023 година беа предвидени 543.000,00 денари за изработка на анализата за родот во медиумите во 2023 година посветена на известувањето на националните телевизии за родово заснованото насилство кои се префрлени во буџетот за 2024 година и ќе бидат исплатени по целосното завршување на истражувањето.

2. Колку средства се добиени во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку донации со цел имплементација на активностите на Националниот акциски план за родова еднаквост 2022 - 2024?

*Агенцијата во 2022 и 2023 година нема добиено донации за имплементација на активностите од НАП-от. Работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија", одржана на 5 декември 2023 и наменета примарно за професионалци/ки од регионалните медиуми, АВМУ ја реализираше во соработка со Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје во рамки на проектот Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите (ПРО-ФРЕКС), но средствата не ѝ беа уплатени на Агенцијата туку трошоците директно го подмири CoE.*

## Оценки за исполнетост на активности и потенцијално влијание

Специфична цел 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот

3. Ве молам оценете ја активноста „ Изработка на студии, анализи поврзани со претставување на родот и родовите прашања на ТВ и Радио " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор)[3]:

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

*На ова прашање се дадени два одговора зашто, во 2022 година беше завршена, објавена и промовирана публикацијата „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", односно оваа активност е целосно завршена во 2023 година.*

*Анализата родот и медиумите во 2023 година ја спроведува Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кој (при третиот обид да се спроведе јавна набавка) даде најповолна понуда (по квалитет и цена). Истражувањето тече според роковникот за спроведување на активностите и на крајот од 2023 година е изготвен нацрт-извештајот за кој сега АВМУ треба да даде мислење. Финалниот извештај се очекува да биде готов во текот на јануари 2024 година, а ќе биде презентиран во првиот квартал од годината, односно оваа активност е значително спроведена.*

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

[3] Или подвлечете го посакуваниот одговор, или обележете го со боја.

4. Ве молам оценете ја активноста „Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и Радио" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

*До крајот на 2023 година е завршена споредбената анализа на родовата структура на сопственоста (за периодот 2020-2023) и на вработените (за периодот од 2019 до 2023 година) во ТВ и радио, која сега е во фаза на финална проверка и ќе биде објавена и презентирана во првиот квартал од 2024 година. Станува збор за мета анализа – односно се користат податоци кои АВМУ веќе ги има објавено за секоја година поединечно (и се континуирано достапни на нејзината веб страница), а оваа анализа овозможува попродлабочено фокусирање на родот и согледување на трендовите.*

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

5. Ве молам оценете ја активноста „ Објавување на одлуки по претставки на граѓани " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

*На ова прашање не е даден одговор зашто во 2023 година во Агенцијата не пристигна ниту една претставка која се однесува на прашања поврзани со родот во медиумите. Што се однесува до сите останати претставки, тие се одговорени навремено и објавени (претставката, одговорот до подносителот и дописот до медиумот) на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk - секако притоа тие се анонимизирани, односно почитувани се правилата за заштита на личните податоци.*

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

6. Ве молам оценете ја активноста „ Јавно презентирање на резултатите " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

- *На 28 март 2023, на првиот јавен состанок на Агенцијата за 2023 година, беа презентирани наодите од анализата „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите". Анализата опфати 412 анализирани и обработени тематски целини или прилози емитувани во периодот од 15 мај до 16 јуни 2022 година на девет телевизиски канали на државно ниво: МРТ1, МРТ2, ТВ Алсат – М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 24 и ТВ Компани 21 – М. Таа покажа дека во програмите со забавна функција, жените беа ангажирани почесто како уреднички или како водителки и новинарки во емисиите отколку мажите. Во однос на гостите/гостинките или соговорниците/соговорничките претставени во овие емисии - постоеше изедначеност помеѓу мажите и жените. Во дел од анализираните телевизиски програми отсуствуваше родова сензитивност, додека пак наспроти тоа, забележани беа содржини во кои се преиспитуваа традиционално поставените родови улоги и норми, а жените се промовираа во различните општествени сфери. Во поглед на анализата на родовиот дискурс, можеше да се забележи поприлична шареноликост – од патријархални и стереотипни дискурси, преку родово слепило и неутралност, до афирмативни дискурси кон родовата рамноправност. Иако генералниот заклучок кој се однесува на еден ваков голем примерок е дека повеќето од содржините беа родово неутрални, сепак можеа да се забележат и двете крајности – содржини со впечатливо традиционални аспекти и со впечатливо прогресивни и современи ставови во поглед на родовата рамноправност.*
- *На првиот јавен состанок на Агенцијата, кој се одржа на 28 март 2022 година, презентирани беа наодите од истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", кое за потребите на регулаторното тело го изработи Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС (избран во постапка за јавна набавка). Фокусот на ова истражување беше ставен на известувањето на радиодифузерите за спортските настани во земјата и светот, во периодот пред и за време на Летните олимписки игри 2020 (кои поради Ковид - кризата се одржаа во 2021 година). Наодите од оваа анализа покажаа доминантно присуство на мажи меѓу*

*спортист(к)ите и новинар(к)ите во спортските емисии. Дополнително, востановено беше занемарливото присуство на жени меѓу спортските работници/чки.*

- *Според вообичаената пракса на Агенцијата, двете истражувања беа отпечатени и доставени до Собранието, до претседателката, членовите и замениците на членовите на собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите, до Министерството за труд и социјална политика, до Агенцијата за млади и спорт, до националните телевизии чии програми беа анализирани и на други релевантни адреси. Публикациите беа преведени на албански и на англиски јазик, и објавени на посебната веб страница на АВМУ www.rodotimediumite.mk. Тие беа проследени и до меѓународните организации со кои соработува Агенцијата.*
- *Што се однесува до наодите од анализата на известувањето за родово заснованото насилство во програмите на националните медиуми (анализата Родот и медиумите за 2023 година), како и од споредбената анализа на родовата структура на сопственоста (за периодот 2020-2023) и на вработените (за периодот од 2019 до 2022 година) во ТВ и радио, тие ќе бидат јавно презентирани во првиот квартал од 2024 година.*

Специфична цел 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

7. Ве молам оценете ја активноста „Препораки за унапредување на законска рамка или за програми за дејствување во однос на медиумите" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

    (а) не е започната
    (б) делумно е спроведена
    (в) значително е спроведена
    <u>(г) целосно е спроведена</u>

*На 20 јули 2023 година беше донесен Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) со кој се изврши усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Меѓу другото, со измените, во ЗААВМУ беа воведени посебни одредби за платформите за споделување видеа, кои вклучуваат и забрана за поттикнување и ширење омраза, насилство и дискриминација по поголем број забранети дискриминаторски основи меѓу кои и пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет и припадност на маргинализирана група. Претставници на Агенцијата беа активно вклучени во работната група за изработка на амандманите, за кои препораки беа дадени во рамки на ИПА проектот „ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди", што се спроведуваше во текот на 2023 година.*

*Што се однесува до Измени во Законот за медиуми предвидени во НАП-от, кои се однесуваат на усогласување на член 4 од ЗМ со член 48 од ЗААВМУ – Агенцијата има дадено свој став по ова прашање, но реализацијата на активноста зависи од МИОА.*

*Исто така, претставници на Агенцијата беа членови на работните групи за изработка на Предлог-законот за родова еднаквост и за Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 и Националниот акциски план 2022 – 2024. Агенцијата е членка и на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите и во интернет просторот.*

Ве молам оцenete го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

8. Ве молам оценете ја активноста „Објавување релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, на сајтот на АВМУ. " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

*Агенцијата, на сопствена иницијатива, изработи посебна веб страница со која досегашниот линк „Родот и медиумите" беше одвоен од матичниот сајт на АВМУ и беше претворен во посебен сајт www.rodotimediumite.mk. Во текот на јули 2022 беа одржани консултативни состаноци со претставник на економскиот оператор кој беше избран (во постапка за јавна набавка) за изработката на страницата, како и со проектната координаторка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – за можноста за споделување на нивните ресурси, а потоа и со претставнички на Секторот за еднакви можности при МТСП. Страницата беше официјално промовирана на 7 февруари 2023 година на заедничка прес-конференција на министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски. Страницата има двојна улога. Од една страна, таа е ресурсен центар наменет за медиумите и новинарите на кој можат да најдат домашна легислатива и меѓународни акти за родовите, вклучувајќи го и родово заснованото насилство; истражувања од Агенцијата и од граѓански организации за различни родови прашања и теми; линкови до центри за социјална работа, граѓанските организации, СОС линии, мобилна апликација за безбедност на жените итн. Нејзината друга намена е да им помогне на граѓаните/ките да дојдат до релевантни информации, меѓу другото, и за тоа како да пријават родово засновано и семејно насилство. Оваа веб страница е пристапна за лицата со попреченост, со примена на стандардот WCAG 2.1.*

9. Ве молам оценете ја активноста „Јавно презентирање на резултатите" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

*Одговорено под прашање 6.*

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

10. Ве молам оценете ја активноста „Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на сексистички говор на омраза, со мерење на стекнати знаења" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

- *На 5 декември 2023 беше реализирана работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија", наменета примарно за професионалци/ки од регионалните медиуми, но на неа учествуваа и други лица, односно: 7 претставника на регионални медиуми (3 жени и 4 мажи), 1 претставничка на национална телевизија, 4 истражувачки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, претставничка на Делегацијата на ЕУ, 3 претставници на Советот на Европа (2 жени и 1 маж) и дел од вработените во стручната служба на Агенцијата ја искористија оваа можност да ги проследат новостите во оваа област. Организирана беше во рамки на проектот Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите (ПРО-ФРЕКС) и на неа свои презентации имаа: Ана Нушкова – Аврамовска, од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство - за националната легислатива и системот за заштита на жртви од родово засновано насилство; медиумската експертка д-р Марина Тунева - за Прирачникот за родово сензитивно известување во медиумите; Драгана Дрндаревска од Коалиција Маргини - за меѓусекторскиот пристап во третирањето родово засновано насилство и д-р Катарина Сарикакис, експертка на Советот на Европа – за Водичот на АВМУ за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите.*
- *На 9 јуни 2022 година, во просториите на Агенцијата беше одржана „Работилница за медиумски професионалци: Родово засновано насилство и професионалните стандарди за новинарско известување" на која учествуваа претставници од 13 национални телевизии и радија (и од Јавниот сервис и од комерцијалните*

*радиодифузери) од кои, 11 беа жени, а двајца мажи. Ова е логична активност по изработката на „Водичот на АВМУ за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите" во 2021 и обуката за мониторинг на известувањето за родово засновано насилство одржана во декември 2020 година, во рамки на втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во РС Македонија" (заеднички спроведуван од ЕУ и СоЕ). На Работилницата со свои презентации и прилози учествуваа: Ирена Цветковиќ од Коалиција Маргини, Ана Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка Марина Тунева и Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ. За учесниците/чките беа обезбедени примероци и од „Водичот на АВМУ..." и од „Прирачникот за известување за родово базираното насилство" кој беше изготвен во рамки на проектот на ХОПС („Different discourse - better reality, Media in combating gender based violence – Strengthening media literacy on GBV" кој е дел од Регионалната програма на UN Women за елиминација на насилството врз жените, поддржан од Европската унија и канцеларијата на UN Women во Скопје) во кој учествуваше АВМУ.*

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

11. Ве молам оценете ја активноста „ Јавно презентирање на резултатите " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

*Одговорено под прашање 6.*

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

12. Ве молам оценете ја активноста „Годишни анализи за третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

*Како што е веќе одговорено под прашањето бр. 3 Анализата родот и медиумите во 2023 година ја спроведува Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Истражувањето се однесува на начинот на известување на националните телевизиски сервиси (и јавни и комерцијални) за родово заснованото насилство. На крајот од 2023 година е завршен нацрт-извештајот за кој сега АВМУ треба да даде мислење. Финалниот извештај се очекува да биде готов во текот на јануари 2024 година, а ќе биде презентиран во првиот квартал од годината. Оттаму, не е возможно сега да се даде оценка за потенцијалното влијание.*

13. Ве молам оценете ја активноста „ Јавно презентирање на резултатите " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

*Одговорено под прашање 6.*

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

14. Ве молам оценете ја активноста „Периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење говор на омраза" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

*Во 2023 година не се констатирани случаи на говор на омраза на програмите на радијата и телевизиите за кои е одговорен медиумот.*

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
<u>(г) целосно е спроведена</u>

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

15. Ве молам оценете ја активноста „Годишни анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио, и периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

*ЗАБЕЛЕШКА: Ова се две активности кои технички се споиле во НАП-от (избришан е празниот ред меѓу нив). Оттаму, има два одговори.*

- *Првиот се однесува на „Годишни анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио", и тој е одговорен низ одговорите дадени на прашањата за анализите за родот во медиумите од 2022 и 2023 година.*
- *Што се однесува до „Периодичните препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза" – Агенцијата од 2014 година има посебен Водич за мониторинг на говорот на омраза, со јасни насоки за медиумите, кој во 2024 ќе биде изменет со цел тој да биде синхронизиран со измените на ЗААВМУ, со „Препораката CM/Rec(2022)16 на Комитетот на Министри за борба против говор на омраза", како и да вклучи нови случаи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права во врска со членот 10 од Конвенцијата за човекови права. Исто така, од 2021 година, на иницијатива на регулаторното тело е изработен „Водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите". За содржините на овие документи се прават повремени работилници.*
- *Казни за говор на омраза кон радија и телевизии во 2022 и 2023 не се изречени бидејќи немаше такви случаи (како што е наведено во одговорот на прашањето 14).*

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
<u>(г) целосно е спроведена</u>

Ве молам оцenete го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

## Исполнетост на индикатори на ниво на активности

Во табелата ги има индикаторите на ниво на активности од НАП 2022 - 2024 , за сите погоре наведени активности. Ве молиме за секој индикатор да обележите со „да" или „не" дали е исполнет или не.

| | Дали е исполнет индикаторот? | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Објавени годишни тематски анализи за 2022 и 2023 | Да | |
| Објавени и доставени родово разделени статистички податоци во ДЗС за 2021 и 2022 | Да | |
| Упатства и препораки за унапредување на законската рамка и за третман на родови прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите се изготвени и јавно достапни на веб страниците на АВМУ | Да | |
| Организирани 2 работилници за препознавање и реакција на сексистички говор и омраза и родово базирано насилство | Да | |
| Спроведување на воспоставен систем за следење на ставови кон содржини на ТВ и радио | Да | |